СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

*(доверливо)*
**СО 43. седница**
**13.3.2019 година**
**Точка на дневен ред бр. 1**

# ОДЛУКА

## за именување членови на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола

**Битола, март 2019 година**

Врз основа на член 45 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола СО бр. 02-19026/1/II-2 од 3.10.2018 година (пречистен текст), Собранието на Банката на својата 43. седница одржана на 13.3.2019 година донесе

**ОДЛУКА**
**за именување членови на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола**

**Член 1**

За членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола со мандат од 4 (четири) години се именуваат:

1. Господин Дејан Панделески - **член**
2. Господин Иванчо Велјановски - **член**
3. Госпоѓа Александра Радевска - **член**
4. Господин Илија Тозија - **член**
5. Господин Игор Камбовски - **независен член**
6. Господин Миле Зечевиќ - **независен член**

**Член 2**

На именуваните членови на Надзорниот одбор им се одобрува месечен нето-износ од 50 000,00 денари како надомест за учество и работа на седниците, како и јавни давачки согласно со закон.

На претседателот на Надзорниот одбор на Банката му се одобрува месечен нето-износ од 60 000,00 денари како надомест за учество и работа на седниците, како и јавни давачки во согласност со закон.

**Член 3**

На членовите на Надзорниот одбор што живеат надвор од седиштето на Банката, односно надвор од Битола ќе им се исплатува и надомест во висина на трошоци за патување и сместување, по претходно приложени фактура или друга соодветна документација.

**Член 4**

Пријава за упис на именуваниот член на Надзорниот одбор во трговскиот регистар поднесува Секторот за правни работи и управување на Кабинет на Управен одбор.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивање согласност од гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

**СО бр.** 02-4885/1/III-1
**Битола, 13.3.2019 година**

**Стопанска банка а.д Битола**
**Собрание на акционери**
**претседавач**

СТОПАНСКА БАНКА А.Д. БИТОЛА

**Образложение**
**кон Одлуката за именување членови на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола**

Во согласност со член 67 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола СО бр. 02-19026/1/II-2 од 3.10.2018 година (пречистен текст), Надзорниот одбор на Банката се состои од 7 (седум) члена, од кои два члена се независни.

Имено, решенијата на гувернерот на НБРМ за издавање претходна согласност за именување член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола за членовите г. Ненад Јосифовиќ, г. Панче Нефтенов, г. м-р Дејан Панделески, г-ѓа м-р Александра Радевска, г. Кирил Митровски и г. Коста Костадиновски се со важност до 30.5.2019 година.

Со оглед дека доделениот манадат на членовите на Надзорниот одбор истекува на 30.5.2019 година, потребно е да се поведе постапка за номинирање и избор на членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

Именувањето на членовите на Надзорниот одбор го врши Собранието на акционери на Банката со одлука која стапува во сила по добивањето согласност од гувернерот на НБРМ.

Номинирањето на кандидатите го вршат акционерите на Банката со доставување писмен предлог за кандидатите за членови на Надзорниот одбор и податоци за возраста, образованието и другите професионални квалификации, работното искуство, во кои друштва биле или се членови на органи на управување, односно на Надзорен одбор и други поважни функции што ги вршеле, бројот на акции што ги поседуваат во Банката и во други друштва и др.

Во согласност со член 57 став 5 од Законот за банките, по барањето за издавање согласност за именување член на надзорниот одбор на банка, гувернерот донесува решение за издавање согласност во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето. Во рокот од 60 дена не се пресметуваат роковите што ги определува гувернерот за комплетирање на поднесеното барање и периодот од поднесување барање од страна на гувернерот до надлежни домашни и странски органи и институции за добивање документи и информации потребни за одлучување по барањето, при што од денот на поднесувањето на барањето до денот на одлучувањето на гувернерот по истото не може да поминат повеќе од 120 дена.

Со цел пополнување на составот на Надзорниот одбор, како и подготовка и поднесување на целокупната документација потребна за добивање претходна согласност за именување член на надзорен одбор на банка, утврдена во дел IV од Одлуката за издавање согласности на НБРМ („Службен весник на РМ“ бр. 72/13 и 24/18), потребно е именување 6 (шест) членови на Надзорниот одбор.

Поради сето погоренаведено се јавува потреба за донесување на предметната Одлука за именување членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

НО бр.02-2022/1/II.2-1
Битола, 30.1.2019година

Стопанска банка а.д. Битола
Надзорен одбор
заменик-претседател
г. Панче Нефтенов